# Содржина:


Вовед........................................................................... **Error! Bookmark not defined.**

1. Поим и карактеристика на осигурувањето ................ **Error! Bookmark not defined.**

2. Врсти на осигурување и нивните ризици ..................................................... 7

    2.1. Ризици на животното осигурување.................................................... 12

    2.2. Ризици на неживотното осигурување................................................ 16

    2.3. Катастрофален ризик.......................................................................... 17

3. управување со ризиците во осигурувањето .............................................. 18

заклучок ........................................................................................................ 24

литература .................................................................................................... 25



www.MaturskiRadovi.NET

# Вовед

Осигурувањто е економска категорија која потекнува од потребата имотот, добрата, животот и здравјето на луѓето да бидат осигурани. Се е сеуште во постојана опасност да биде оштетено или уништено. Осигурителните друштва кои функционираат на база на солидарност имаат широк спектар на активности и можат да се организираат спрема различни критериуми. Осигурувањето може да се дефинира како создавање економска сигурност во комбинација со опасни објекти заради балансирање на опасноста.

Осигурувањето е институција која за цел има обезштетување на лицата кои се жртви на штетните настани под дејство на различни природни сили или несреќни случаи. Со креирање на осигурителните дејности овозможено нудење на економска заштита на сите поединци кои претрпеле штета. На тој начина е формирана заедницата на потенцијално загрозени поединци кои со плаќање на премија ја формираат капитал со кој располага осигурувачот, чија обврска е да во случај на настанување на штетата ја исплати надокнадата на договореното осигурување.

Осигурувањето е мултидисциплинска наука, така да е скоро невозможно доволно да се укаже на неговото значење и сеопфатноста во најширока смисла. Осигурувачките техники создаваат многу сложен и софистициран збир на елементи од правна, економска и техничка природа, кои во еден збор може да се идентификуфаат со поимите: сигурнист, доверба, заштита.

Основната задача на актуарскиот сектор кој е одговорен на спроведување на техничките организации на осигурувањето се состои во утврдување на законитостите на ризикот и воспоставување на рамнотежа помеѓу приходната премија на осигурувањето и исплатата на обврските на осигурувачот. Доколку осигурителната организација поседува доволно статистичк база на податоци, може да изврши комплексна и прецизна анализа на причинителот, и со примена на подобниот актуарско-статистички метод да изврши процена на клучните големини кои ја создаваат базата во процесот на оценувањето на ризикот и формирање на адекваден премиски систем.

Во услови во кои современото друштво работи, неизвесноста стана неизбежна појава во сите животни процеси. Затоа, дејноста на осигурувањето значајно ги надмаши своите елементарни барања и стана една врста на јавна служба.

# 1. ПОИМ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

Осигурувањето е сложена економско-правна работа. Заради таа сложеност, често се кажува дека осигурувањето е институција која на лицата или претпријатијата им ја надокнадува материјалната штета која настанала од делувањето на природните сили, несреќните случаи, и други неизвесни исходи во текот на животот и работењето. Праксата покажала дека повеќето луѓе не се склони кон ризик. Тие порадо би платиле одредена премија за осигурување него да го прифатат ризикот да во потполност ја изгубат куќата во пожар, или автомобилот од грабеж.

Осигувурањето може да се дефинира како наука која се бави со проучување на деловите на остварување на ризикот, неговите последици, како и изучување на начинот за спречување или намалување на можноста да настане ризик. Примарната функција на осигурувањето е создавање ситуација на сигурност, како за поединци, физички лица, така и за претпријатија, правни лица. Предметот на осигурувањето може полесно да се разбере долоклу се примени точното значење на зборовите користени во осигурувањето. Термините како што се: губиток, опасност, хазард во ризикот, често ги користите во секојдневната конверзација, меѓутоа овие зборови попримаат одредено значење кога се користат за опишување на осигурувањето.

Зборот –губење- во употреба значи да се остане без нешто што претходно се поседувало. Зборуваме за губење на меморија, губење на време... Кога овој збор се користи во осигурувањето, тој поприма поограничено значење. Типичниот осигурителен губиток е несакано, непланирано намалување на економските вредности.

Осигурителните губитоци можат да се категоризираат како директни и индиректни губитоци. Директните губитоци се моменталните, или првите резултати на осигураната опасност. Индиректните губитоци, или губењето на употреба, се секиндарен резултат на осигурените и опасностите. На пример, доколку пожар ви го уништи домот, губењето на домот е директно губење. Трошоците на живеењето во хотел додека куќата се обновува, е пример на индиректна загуба. Доколку торнадо го уништи ресторанот, штетата што настанала на имотот е директна загуба, а загубата на приходот во периодот на обновување, е индиректна загуба. Значи, мора да постои прво директна загуба, пред да настане индиректна загуба. Полисите на осигурувањето на имот се специфични кога се обезбедува покритие за директна или индиректна загуба, или двете заедно.

Концептот на можноста за загуба, се однесува на делот. Броителот е или реален или очекуван број на загуби. Именителот претставува број на изложени на загуба. Можноста за загубата е веројатноста на загубата. Секоја куќа која е осигурана, претставува една изложеност на загубата. Доколку очекуваме дека во пожар ќе изгорат три од 1000 куќи, очекуваната загуба е 3/1000 или 0.003. Можноста за загубата во овој пример може или не мора да биде точно позната пред да се случи реалната загуба. Во предвидените можности за загуба, се дели очекуваниот број на загуби со бројот на единиците изложени на загуба. Овој ден се вика а приори можност на загуба. Доколку се набљудува наназад после определено време, може да се подели реалниот број на загуба со вкупниот број на единици изложени на загуба. Овој дел се вика реална, или ех пост можност на загуба. Можноста или шансата за загуба која создава потреба за осигурување. Да не постои можност за загуба, или долку загубите се однапред познати, осигурувањето не би ни постоело, затоа што не би постоела никаква неизвесност околу загубата и резултатите би биле повеќе

трошошоци него загуби, а трошоците треба да се раководат со други методи, а не со осигурување.
Опасноста се дефинира како причинител на загубите. Примери за опасност се пожари, земјотреси, поплави, криминал, срцев удар и други. Полисите за осигурување обезбедуваат финансиска заштита од загубите предизвикани од страна на опасноста. Полисите за осигурување кои точно ја идентификуваат листата на покриените опасности, осигурувачите ја нарекуваат спецификуван-опасност договор. Алтернативен формат е покритие на сите загуби освен оние кои се специфично исклучени од договорот. Оваа врста на полиса осигурувачите ја нарекуваат договор со отворена опасност.
Хазард се условите кои ја зголемуваат фреквнцијата или силата на загубата. Пример за хазард може да бидат 50 канти од по 5 литра бензин складирани во подрумот на куќата. Складираниот бензин сам по себе не претставува опасност. Меѓутоа, доколку се случи пожар, бензинот сосема сигурно ќе го појача и ќе направи поголема штета него доколку не постоел бензинот. Слабо осветлување во деловите на градот во кои постои поголема криминална активност е хазард, затоа што може да влијае на зголемено ниво на криминалните активности, кое немало да се случи доколку постои добро осветлување. Слабото осветлување само по себе нема да предизвика загуба, ама фактот дека делува како поттик на криминалците за правење криминал, го прави хазард.
Понекогаш, хазардот ја зголемува и фреквенцијата и силата на губитокот како што е случај кога автомобил се вози пребрзо за постоечките услово. Постојат три врсти на хазард. Тие се физичкиот, моралниот и психолошкиот. Физичкиот хазард е физички услов кој е последица на материјалните обележја на некој објект, при кој тие обележја ја зголемуваат веројатноста некоја штета да се случи. Пример за физички хазард е лизгав пат кој ја зголемува веројатноста да се случи некоја штета. Доколку поединецот предизвика или на било кој начин влијае на зголемена штета како би земал што е можно поголема оштета од осигурувачот, тогаш тоа е криминал во осигурувањето и загубата е резултат на морален хазард. Моралниот хазард е неискреност или лош карактер на поединецот што ја зголемува зачестеноста или силата на штетата. Доколку некој ја запали зградата, за да земе осигурување, иако е оганот предизвикувач на штетата, моралниот хазард е задолжен на зголемената фреквенција на загубата. Доколку некој крадец украде на пример 5000 евра, а сопственикот пријави дека е украдено 20000 евра, тогаш 15000 евра се превара направена како резултат на моралниот хазард. Присутниот е теошко да го провериш. Осигурувачите се обидуваат да го контролираат моралниот хазард со различни мерки како што се:

- Проверка на подносителот на пријавата за осигурување
- Воспоставување на различни механизми во техниката на осигурување

Психолошкиот хазард се однесува на индиферентното однесување спрема загубата заради постојано осигурување. Ставот –зашто би се грижел јас, јас сум осигуран- е пример за оваа врста на хазард. Долколку личноста намерно остане подолно во болница отколку што е потребно за да земе поголема корист од здравственото осигурување, тогаш оваа врста на хазард ќе биде одговорна за зголемената загуба. Осигурувачите можат да го елеминираат моралниот хазард и минимизираат свесниот хазард со внимателен избор на осигуреници и вклучување и договор со посебни одредби, како би се заштитиле од хазардот.
Најверојатниот причинител на загубата е важен концепт во имотното осигурување. Во терминологијата на осигурувањето, најверојатниот причинител за загуба е првата

опасност во ланецот на случки кои конечно резултираат со загуба. Тоа е чекор без кој загубата не би се ни случила. На пример, доколку удри гром и направи пожар, и доколку пожарникарите на патот до куќата се судри со патнички автомобил, тогаш како највероjатен причинител на сударот на пожарникарите и патничкиот автомобил може да се смета пожарот  куќата предизвикан од гром. Меѓутоа, доколку највероjатниот причинител доволно се разложи, тоj станува се помалку, и помалку вероjатен. На пример, доколку некоjа личност доживее срцев удар од стрес предизвкан од пожарникарната сирена на патот до куќата, дали како највероjатен причинител на срцевиот удар се смета пожарот предизвикан од гром?

Во некои моменти, ланецот на случувања мора да се прекине, така да ударот на громот нема повеќе да биде највероjатен причинител. Во пракса се случувало да дури на суд се види точката на пресек на случувања, и коjа е и највероjатен причинител. За осигуреникот да оствари право на оштета во имотното осигурување, генералното правило е да највероjатниот причинител мора да биде покриен со опасност.

Зборот ризик често се поврзува со осигурувањето. Постои многу дефиниции за ризик. Ризикот може да се дефинира како варијација во можни исходи, основана на шанса. Односно, што е поголем бројот на различни исходи на случувањата, поголем е и ризикот. на овој концепт е: што е поголема варијацијата околу просечно очекуваната загуба, поголем е и ризикот. Исто така, ризикот

Реч ***ризик*** се често повезује са осигурањем. Постоји много дефиниција ризика. Ризик се може дефинисати као варијација у могућим исходима доможе да се дефинира и како неизвесност во врска со остварување на возможна загуба. Во осигурувањето, зборот ризик се поврзува со изложеноста на загуби.

Дефиницијата на ризикот како варијабилност околу можниот исход е корисна затоа што се фокусира на степенот на  ризик во дадената ситуација. Степенот на ризик е мерка на точност на предвидување на можниот исход во дадена ситуација. Значи, што е поголема мерката на точност на предвидувањето на можниот исход на случување, толку е помал степенот на ризикот и обратно, колку е потешко да се предвиди исходот на случувањето, степенот на ризик е повисок.

На пример од осигурувањто, ова можеме да го претставиме долколку набљудуваме само 5000 станбени куќи кои треба да се осигураат од пожар. Постои вкупно 5001 можни исходи на случувањата, од кои еден, можноста пожарот да не се случи. Меѓутоа доколку располагаме со некои информации за овие куќи, како на пример, дека сите куќи се помлади од пет години, дека се во добра состојба, и дека во круг на 5 метри од секоја куќа се наоѓа пожарникарска станица, можеме да го смалиме дијапазонот на предвидувања. Односно, ризикот во овој случај е смален со овие информации.

Доколку знаеме, на основа на статистиката од минатото, дека околку 1% просечна група домови со слични карактеристики изгорела, можеме да направиме уште поточни предвидувања. Додатните информации уште повеќе го смалуваат нивото на ризикот. Со оглед дека осигурителните друштва располагаат со точни статитстики за остварените загуби во минатото, тие можат многу поточно да ги предвидат бројот за загубите и вкупниот износ на количината на парични стретства потребни за покритие на загубите кои ќе се случат во иднина.

Од ова може да се заклучи дека операциите на системот на осигурување ја зголемуваат точноста во предвидување на загубите, односно, осигурувањето го смалува ризикот.

Иако варијабилноста на концепт на ризикот го нагласува статистичкиот аспект на ризикот и осигурувањето, концептот на неизвесноста го нагласува бихевиористички

аспект на луѓето кои се изложени на ризик. Дефиницијата на ризикот како неизвесност во врска со остварувањето на можниот губиток е корисна затоа што помага во објаснувањето зашто луѓето купуваат осугурување. Доколку некоја личност не ја осигура својата куќа од пожар, таа ќе биде несигурна во врска со тоа дали ќе мора да плати за загубата од пожар во својот дом. Таа е несигурна затоа што не знае однапред дали нејзината куќа ќе изгори доколку се случи пожар и колкава ќе биде загубата. Кога еднаш ќе го купи осигурувањето од пожар, таа станува сигурна дека нема да мора да плати доколку пожар го зафати нејзиниот дом. Осигурителното друштво наместо неа ќе плати за оваа загуба. Во овој случај, сопственикот на куќата ја пренесол својата несигурност, или ризик, на осигурителното друштво. Иако осигуреникот повеќе не чувствува несигурност после трансферот на ризикот на осигурителното друштво, така ни осигурителното друштво не чувствува неизвесност во врска со тоа колкава загуба ќе осети, или барање за оштета. Заради тоа што осигурителното друштво ги комбинира изложеноста на ризикот од пожар на повеќе сопственици на куќи,тоа може да го предвиди вкупниот износ на потребната количина на парични сретства доколку се оствари загубата.

Со фактот дека може со велика точност да се предвиди загубата, осигурителното друштво ја смалува неизвесноста околу бројот и големината на загубата која ќе настане.

Осигурителното друштво на овој начин го намалува ризикот.

Значи, поединците го купуваат осигурувањето затоа што сметаат дека на тој начин стекнуваат економска предност, односно, остваруваат економска корист. Осигурувачот ќе се согласи да ја продаде заштитата од ризикот доколку ризикот може да се здружи и однапред да се предвиди.

Држејки се на овие на принципи, се поставува прашањето што е тоа што го чини ризикот осигурлив? Која врста на ризик осигурувачот е спремен да осигура?

Потенцијалната загуба мора да биде значајна и доволно голема како поединецот би бил спремен да замени непознат економски исход познад како премија на осигурување.

Загубата и нејзината економска вредност мораат да бидат добро дефинирани и надвор од контрола на сопственикот на полисата. На сопственикот на полисата не му е дозволено да ја предизвика или поддржи загубата со која би имал корист или би довело до исплата на штетата од осигурувањето.

Откако ќе се случи осигурениот случај, сопственикот на полисата не смее да биде во можност да ја претстави лажно големината на загубата како би остварил поголем износ од исплатата на полисата. Загубите покриени со една врста на осигурување мораат да бидат меѓусебно независни.

Доколку еден сопственик на полисата има загуба, тоа не би пребало да има значајно влијание на однесувањето на другите сопственици на полисата. На пример, осигурувачот нема да ги осигура сите продавници од ризик од пожар, ако се сите тие просторно поврзани, затоа што постои можност да пожарот кој би настанал во една продавница многу лесно да ги зафати и другите продавници, што би резултирало со многу поголеми барање за оштета према осигурувачот и тој не би бил во можност да ги исполни сите свои обврски.

Може да се каже дека ризикот е подобен за осигурување, ако е:

- Возможен како случај
- Независен од волјата на осигуреникот или трето заинтересирано лице
- Доведува до штетни последици
- Неизвесен, како во поглед на настапување на самиот настан, така и во времето на настапување

- Е дозволен со закон, договор и ако е морален

Исполнетост на претходно наведените услови значи дека ризикот е осигурлив. Меѓутоа фактот дека потенцијалната загуба не ги задоволува во потполност претходно наведените критериуми, не значи автоматски дека тој не може да биде осигуран, туку тоа значи дека би требало да биде третиран со посебно внимание, на пример, мора да биде заеднички осигуран со друг осигурувач.

Конечно, ризикот во осигурувањето може да се претстави како опасност која и се заканува на имотот или на лицето и чие реализирање би створило одредени последици. Како правен поим, ризикот на осигурувањето претставува можност да настапи неизвесен настан кои е можен, економски штетен, кој и не зависи од исклучителната волја на заинтересираните лица и чие осигурување е дозволено со закон, со јавно потекло и морал.

Друштвото во своето делување е изложено на следните основни врсти на ризик: ризик на осигурување, пазарен ризик, оперативен ризик, ризик на рочна и структуро неускладеност на имотот со обврски, ризик на депоновања и вложувања сретства во друштвото, правен ризик, репутациски ризик, како и многу други ризици кои зависат од природата, обемот и сложеност на работење на друштвата.

Ризикот на осигурувањето потекнува од неможноста на друштвото да ги апсорбира превземените ризици својствени за работата на осигурувањето. Овој ризик посебно опфаќа:

- Ризик на неадекватко одредени премии- цени на осигурувањето
- Ризик на неадекватна процена на ризикот кој се превзема во осигурувањето
- Ризик на неадекватно одредување на нивото на самопридржувањето, односно непренесување на вишокот ризик од самоподржувањето во соосигурување, односно реосигурување.
- Ризик од нескладност, неприлагодени и екомонски штетни тарифни политички друштва во врска со дисперзија на ризикот кој се превзема во осигурувањето, односно неадекватно одредување на структурата на премијата на осигурувањето/
- Ризик на неодговарачко утврдување на оптшите, посебни , дополнителни или поединечни услови на осигурувањето.
- Ризикот на неадекватно обезбедување на сите технички резервни друштва.
- Останати ризици на осигурувањето кои зависат од природата, обемот и сложеност на работењето на друштвото

## 2.ВРСТИ НА ОСИГУРУВАЊА И НИВНИТЕ РИЗИЦИ

Две основни групи на ризици со кои работи осигурувањето се ризиците на животното осигурување и ризиците на неживотното осигурување, односно имотното осигурување. Пред дефинирање на овие ризици, треба да се види што се подразбира под терминот животно и имотно осигурување.

Животното осигурување представува заштита од парични загуби кои се последица на остварување на неизвесни настани во нашиот живот. Тоа може да биде, на пример: прерана смрт на хранителот на фамилијата, доживување на одредена старост и недостаток на паричните сретства потребни за задоволување на одредени потреби, изненадна и долготрајна болест која за фамилијата може да има намалена заработувачка или зголемени трошоци на лечење и друго. Паричните загуби или недостаток на парични сретства предизвикани со некоја од наведените ситуации може да се ублажи или надокнади со купување на животното осигурување.

Осигурувањето на животот е договор кој е склучен помеѓу осигуреникот и осигурителното друштво, каде осигурувачот се обврзува дека на корисникот на осигурувањето ке му исплати одредена сума на пари одеднаш или на рати доколку се оствари настанот.Тој настан може да биде смрт на осигураното лице, или некој друг настан како трајна или критична болест.
За возврат, осигуреникот плаќа договорен износ на пари кој се нарекува премија, одеднаш или во одреден временски интервал.
Во зависност од целта на поединецот, животното осигурување може да се користи во различни намени, како што се:

- Плаќање хипотека и други обврски
- Обезбедување на фамилијата
- Трансфер на богатство или бизнис интереси
- Заштеда, и друго

Како кај и повеќето полиси осигурувања, животното осигурување е договор помеѓу осигурувачот и договорот на осигурувањето, а доколку се оствари осигурани настан покриен со полисата на осигурувања, осигурувачот исплатува надокнада на корисникот на осигурувањето кој е одреден во полисата. Да би полисата била полиса на животно осигурување, осигурениот случај мора да биде поврзан со животот на луѓето наведени во полисата. Постои разлика помеѓу осигуреникот и договарачот на осигурувањето, иако договарачот и осигуреникот често иста личност. Доколку лицето заклучи договор за осигурување во свое име и на своја сметка, тогаш тоа лице воедно е и договарач на осигурување, и осигуреник.
Договарачот на одигурувањето е личност која ја плаќа премијата наведена во полисата, а осигуреник е лицето чиј телесен интегритет е осигуран. Корисникот на осигурувањето прима надокнада од полисата откако ќе настане осигурителниот случај. Договарачот на осигурувањето одредува корисничка полиса. Договарачот може да го примени кориснкот доколку полисата не е исклучиво наменета на одреден корисник. Доколку кориснкот е неопозив корисник на осигувањето, тогаш мора да се сложи со сите измени кои може да настанат во полисата а што се однесуваат директно на него. Во пракса, во случаи каде што договарачот на осигурувањето не е истовремено и осигуреник, осигурителните друшта го ограничиле купувањето на полисата на оној чиј износ се смета како осигурителен интерес. За полисите на животното осигурување, членовите на блиската фамилија и бизнис партнерите се вообичаено личности кои имаат осигурителен интерес. Барањата за постоење на осигурителен интерес кои ги поставиле осигурителните друштва, обично покажуваат дека договарачот на осигурувањето ќе претрпи одредена загуба во случај да му се случи нешто на осигуреникот. Ова спречува луѓето да остваруваат корист од купување на полисите од чисто шпекулативни причини, затоа што очекуваат дека осигуреникот ќе умре во одредено време и период, и слично.
Полисите на животното осигурување се правни договори и во услови на договор се опишани ограничувањата на осигурениот настан. Специфични настани кои се исклучуваат од договорот се назначени во договорот, како би се ограничила одговорноста на осигурувачот. Полисите на животното осигурување можат да се поделат во две поголеми категории:

- Заштитни полиси- кои нудат парична надокнада во случајно остварување на одредени настани. Исплата на осигураната сума воглавном се врши во целост и одеднаш. Вообичаената форма на осигурување од оваа категорија е терминското осигурување

- Инвестициони полиси- каде главна цел е заштедата, односно развој на капиталот со уплата на премија

Живото осигурување може да се подели во две осносни класи- привремено и трајно. Привремено или рочно осигурување нуди покритие на животното осигурување во одреден временски период, за одредена премија. Износот на покритието се одредува на почетокот на договарање на осигурувањет и корисникот на осигурувањето остварува корист доколку се случи настанот во текот на траењето на полисата. Во таквата полиса не се врши акумулација на уплатените сретства. Привременото осигурување се смета за чисто осигурување, а премијата дава надокнада само во случај на смрт и ништо друго. Три клучни фактори кои мораат да се земат во обзир во случајот на привременот осигурување се: вредност на полисата –надокнада на корисникот после смртта, износ на премијата –трошокот на осигуреникот, и должина на покритието –период, рок.

Вредноста на полисата може да биде константна а може и да опаѓа во текот на годината. Периодот може да биде една или повеќе години, а премијата може да остане константна или да се зголемува. Вообичаен тип на период се нарекува едногодишен обновувачки периот. Премијата на едногодишната обновлива полиса се зголемува секоја година и вообичаено се најисплатливи доколку се купуваат на период од една до две години.

Уште еден тип на привремено осигурување е осигурувањето на хипотека, главно со константна премија на осигирување. Номиналната вредност на полисата е иста или слична на износот на хипотеката на сопственикот на полисата, така да во случај на смет на сопственикот на полисата, хипотеката ќе биде сигурно исплатена.

Сопственикот на полисата го осигурува својот живот на одреден период. Доколку умре пред истекот на тој перод, неговиот наследник или корисник спрема полисата ја прима исплатата. Меѓутоа, доколку сопственикот на полисата не умре пред истекот на полисата, тогаш корисникот на полисата не добива ништо. Во минатото, овие полиси скоро секогаш исклучувале самоубиство. Меѓутоа, после безброј судски пресуди, во светот сега е пракса да доколку осигурана личност изврши самоубиство во текот на првите две години, осигурувачот ќе ја исплати уплатената премија, а ако осигураната личност изврши самоубиство после две години, осигурувачот е обврзан да ја изплати надокнадата од осигурувањето. Полисите на терминското осигурување се креирани за да задоволат специфични потреби во одреден врменски период. Терминското осигурување посебно може да биде од корист на сите оние кои имат финансиски обврски кои мораат да се осигураат.

Посебна врста на привремено осигурување е осигурување со повратна премија. Оваа врста осигурување е главно поскапа од основното привремено осигурување, а тоа е исплата на пари доколку осигуреникот на умре во текот на осигурениот период.

Привременото осигурување на живот е, за поединецот кој го купува, главно најповолно осигурување на животот. Тоа обезбедува најголем износ на покриетие за најниска премија. Во споредба со производите од трајното осигурување на животот, привременото осигурување овозможува на поединецот да штеди пари со инвестирање во оваа врста на осигурување, а потоа да го вложи тоа штедење во попрофитабилни инвестиции.

Трајното осигурување на животот е осигурување кое останува на сила се до истекот на полисата, освен доколку сопственикот на полисата пропушти да плати премија. Полисата неможе да биде откажана за било која причина, освен во некои случаи на превара, или доколку се откаже во временскиот период кој е дозволен со закон. Затоа што полисата на трајно животно осигурување секогаш мора да е исплатена, трошоците на трајното осигурување се доста поголеми од привременото

осигурување на животот, затоа што привременото осигурување се однесува на чиста корист во случај на смрт на осигуреникот, без акумулација на паричните сретства.
Заради ова често привремените осигурувања се и до десет пати поефтини од трајните осигурувања и тоа за ист износ на покритие. Многу луѓе повеќе ги привлекува привременото осигурување заради неговата цена и можност да, разликата во парите, која ја остварува во односот на трајното осигурување, ги вложи во некои други финансиски производи.
Кај трајното животно осигурување, нивото на ризикот со кое се соочува осигурителните друштва се зголемува низ годините, затоа што се зголемува и бројот на годините на осигуреникот, а со тоа и веројатноста на неговата смрт. Цената на полисата на трајното осигурување мора да ги покрие зголемените трошоци кои го погодуваат осигурителното друштво предизвикани заради зголеменото ниво на ризик, така да таа за постари личности е поскапа него за помлади.
Постојат три типа на трајно осигурување, и тоа: осигурување на целокупниот живот, универзално осигурување на животот и осигурување во случај на доживување.
Осигурување на целокупниот живот е врста трајно осигурување на животот кое гарантирано трае во текот на целиот живот. Меѓутоа, токму заради тоа, полисата на осигурување на целокупниот живот е поскапа од универзналното животно осигурување, или привременото животно осигурување. Основна предност на оваа врста на осигурување е тоа што паричната вредност на ова осигурување е гарантирана после смртта, а може да се искористи и во текот на животот. Инвестирање во осигурување на целокупниот живот може да се поистоветува со купување на куќа или некоја друга недвижност, штедење или инвестициски фонд и може да се користи во различни цели како што се трошоци за студираеа, купување дом, или додадот на пензија. Значи трајното осигурување помага на поединецот во текот на неговиот живот и и помага на неговата фамилија после неговата смрт. Основни предности на овој вид на осигурување се: гарантирана корист после смртта, гарантирана парична вредност, фиксни и однапред познати годишни премии, а основни недостатоци се нефлексибилност на премијата, и што стапката на принос не е голема како кај некои други видови на осигурување.
Универзалното осигурување на животот е врста на трајно осигурување чија главна предност е флексибилноста во плаќањето на премијата, како и таа што стапката на приност е потенцијално поголема на акумулираните стедства од осигурувањето на целиот живот. Премијата и висината на оштетата после смртта може да се променат во било кој дел од денот, ама за зголемена надокнада после смртта се бара доказ дека личноста е сеуште со добро здравје како би се избегнале можните малверзации и превари. Полисите на ова осигурување подразбираат постојани парични сметки на кои се плаќаат премиите, а со уплатата на премијата сметката се зголемува. Каматата на сретствата се уплаќа на сметка која ја одредува осигурителното друштво. Минимално ниво за каматната стапка може и не мора да биде загарантирано, што зависи од типот на универзалното осигурување. Универзалното животно осигурување има одредени недостатоци кои примарко потекнуваат од неговата флексибилност.
Недостсува фундаментална гаранција дека полисата ќе биде правосилна доколку не се исплатат сите премии, и исто така недостасува гаранција на одредена парична вредност. Полисите за осигурување во случај доживувасе се договори на животно осигурување кај кои исплатата се врши одеднаш, после определен временски период или во случај на прерана смрт.
Некои полиси се исплаќаат и во случај на критичка болест. Паричната вредност одредена во полисата е еднаква на номиналната вредност која одговара на одредена

староснa доба. Таа староснa доба се годините во случајот на доживување на осигуреникот. Оваа врста на осигурување е значително поскапа од универзналното осигурување затоа што периодот до кога се исплатуваат премиите е пократок како и датумот на доживување на осигуреникот. Ова осигурување се исплатува во случај на смрт или во случај на доживување на осигуреникот, откако истекле одреден број на години.

Животното осигурување може да се подели на следниве врсти на осигурување и тоа: спрема ризикот кој се осигурува, спрема начинот на исплата на осигурената сума, спрема начинот на заклучениот договор и спрема начинот на плаќање на премијата.

Спрема ризикот кој се осигурува, осигурувањето може да се подели на:

- Осигурување за смртен случај
- Осигурување за доживување
- Осигурување за смртен случај и доживување

Спрема начинот на исплата на осигурената сума имаме:

- Исплата на штета
- Исплата на доживување

Спрема начинот на заклучување на договорот осигурувањата се делат на:

- Индивидуални осигурувања
- Колективни осигурувања

Според начинот на плаќање на премијата имаме:

- Осигурувања со еднократна уплата на премијата
- Осигурувања со договорено плаќање на премијата во одреден рок

Она што е заедничко за сите врсти на животно осигурување е следново:

- Нудат заштита и даваат финансиска сигурност на поединецот, неговата фамилија или неговата работа
- Нудат покритие од ризик на смрт, така да ризикот на смртта се покрива доколку настапи во тек на договореното траење на осигурувањето
- Фиксна премија, при што висината на премијата во текот на целото време додека трае осигурувањето е иста.
- Штедна компонента, затоа што во оваа врста на осигурување воглавно е уклучено и штедењето
- При склучување осигурување мора да постои осигурителен интерес на договарачот, како би се осигурувањето склучило на друга личност, ама со нејзина писмена согласност.
- Секогаш се исплатува надокнада, било како исплата на штета заради осигураниот настан или како исплата на одредена сума за случај на доживување
- Исрачунатата бруто премија е наплатена премија
- Даночни олеснувања на личностите со заклучено животно осигурување во поголемите држави

,

Осигурувањето на имот обезбедува заштита од многу ризици кои му се закануваат на имотот како што е пожар, поплава и така натаму. Во зависност од врстата на опасноста која ја покрива осигурувањето, се разликуваат и врстите на осигурување на имотот, така да постои: осигурување од пожар, осигурување од поплава, осигурување од земјотрес, осигурувањена домот и други врсти осигурување. Осносзната цел на осигурувањето на имотот е надокната на штетата која би се случила на осигураниот имот заради настапување на осигураниот настан. Во пракса, имотот може да се осигура на два начина: осигурување од сите опасности кои му се закануваат на имотот и осигурување од опасности наведени во полисата.
Во случај на осигурување од сите опасности, покриени се сите можни предизвикувачи на несреќи, освен оние кои се исклучени и наведени во полисата. Вообичаени исклучувања во ваквите полиси се штетите настанати заради земјотрес, поплава, нуклеарни инциденти, делување на тероризам и војна и слично. Во случај на осигурување на опасностите наведени во полисата се подразбира наведување на конкретни причинители на загуба во полисата која го покрива осигурувањето.

## РИЗИЦИ НА ЖИВОТНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

После проучување на животното и неживотноти осигурување и карактеристиките на нивните полиси, може да се дефинираат и типовите на ризик на кои се изложени осигурителните друштва работејки со осигурување на живот. Одредени ризици неморaат веднаш да се воочат. Тие се акумулираат и можат да се манифестираат во иднината.
Тоа е една од причините зашто добриот менаџмент на ризиците е критичен за остварување на успех на осигурителните компании.
Типовите на ризик со кои се соочуваат осигурителите на живот се:

- Ризик на смртност и ризик на доживување
- Ризик на болест
- Ризик на инвалидитет

Овие ризици понекогаш се викаат и биометриски ризици.
Ризикот на смртност и доживување – е осетливоста на осигурителното друштво на зголемена стапка на смртност, односно осетливост на осигурувачот која настанува кога реалната стапка на смртност е поголема од предвидената и прерачунатата во премијата. Ризикот на смртност може да се појави од повеќе причини. Некои од нив се:

- Апсолутно зголемување на стапката на смртност, потенцијално настаната заради епидемија или други катастрофи
- Постојани и непрекинато зголемување на стапката на смртност, која потенцијално произлегува од неселектираниот недостаток на искуство на осигурувачот заради обид за создавање нови и конкурентни производи, како и погрешна проценка на очекуваното движење заради неговолно податоци или заради недоволно искуство на осигурувачот.

Ризикот на смртност и доживување може да се управува преку промените на цената на полисата на осигурување, со редовни ревизии на стапката на смртност која се користи за одредување на цената и обврските на осигурувачот за исплата на

отштетните барања, ограниченување на договрениот период и одредување на нова цена за продолжување на договорот. Таму каде доживувањето е поголемо од предвиденото во таблиците на смртноста, потребно е да се поставаат додатни мерки и ажурирање на таблицата на смртност.

Спрема очекуваното непрекинато продолжување на животот на осигураната популација, ризикот на неочекувано зголемување на ризикот на смртност на постоечкото ниво на портфолио не се смета за грижа. Меѓутоа постои ризик на смртност кој може да настапи заради разни епидемиски болести или значајни настани како што се индустриските насреќи или терористички напади. Ублажување на оваа врста ризик на смртност може да се изврши со редукција на полисите на осигурување и со константен мониторинг на таблиците на смртност, ама исто така и низ реосигурување на екстремните загуби и катастрофи.

Осигурителните друштва исто така можат да управуваат со ризикот на смртност така што ќе го префрлат на финансискиот пазар преку нови контигентни обврзници на смртност. Од Август, 2005 издадени се само две вакви обврзници на смртност. Прва е издадена од страна на Swiss Re и тоа е $400 000 000 тригодишна обврзница која исплатува на ЛИБОР плус 135 основни поени.

Обврзницата се состои од мерки кои, ако петгодишниот индекс на смртност го премине за 130 проценти нивото од 2002 година ја смалува главницата. Доколку премине за 150 проценти, главницата ќе биде исфрлена.

Втората обврзница е издадена од Европската инвестициона банка за 540 000 000 фунти, која има рок од 25 години и ослободена е од камата без повраќање на главницата, ама има исплати кои се поврзани со смртност. Исплатата на ЕИБ обврзниците опаѓаат пропорционално со годишната стапка на преживување на машката популација во Велика Британија кои доживуваат 65 години во 2003 година.

Осигурувачите на живот треба да одат на кратка позиција во Swiss Re обврзници, а продавачите на ануитет треба да одат на долга позиција во ЕИБ обврзници, како би ја хеџувале нивната изложеност на смртност.

Ризикот на доживување значително варира спрема договорот кој го содржи. За многу производи на осигурувањето е значајно да се познава колку долго луѓето ќе живеат, најочигледни пример во приватниот сектор се пензиите и ануитетите. Во англија некои од најголемите ризици на доживување настанале од дефинираните пензионерски шеми, а не од осигурителните компании. Дефинираните пензионерски шеми се начин на помош со кој работодавците им ветуваат пензии на своите запослени на основа на нивната плата.

Значи, ветувањето на доживотна пензија доаѓа од работодавецот, така да и ризикот на доживување паѓа на работодавецот. Добивање на прав тренд на доживување е клуч за управување со овој ризик. Меѓутоа, ова е доста тешко остварливо во пракса.

Еден од најголеемите и најмалку познати ризик на кој се изложени осигурувачите и реосигурувачите, пензиските фондови и државата, е ризикот на доживување.

